SCBL

**Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва**

06.06.2017

Втора тркалезна маса за стечајната постапка

**„Сметководствени и даночни аспекти на стечајната постапка - проблеми во практика''**

Претставници на Управата за јавни приходи, Комората на стечајните управници, Сојузот на Стопански комори и даночни експерти на 06.06.2017 година, на втората тркалезна маса посветена на стечајот расправаа на тема „Сметководствени и даночни аспекти на стечајната постапка - проблеми во практика''.

Во расправата централното внимание беше насочено кон намирувањето на даночните обврски во стечај поради, како што беше речено, немањето јасни правила за сметководство во стечај и постојните бројни отворени прашања околу начинот на намирувањето на даночните обврски. Стечајниот управник управува и ја штити стечајната маса, должен, меѓу другото, да ги состави почетниот стечаен и даночниот биланс со состојба на денот на отворањето. како и на денот на заклучувањето на стечајната постапка и тие документи речиси никогаш не се совпаѓаат, а особено не кога се прави распределба на имотот. Кај конечното намирување со распределба на недвижен и подвижен имот, кога се немаат пари за намирување на даночните обврски, се наметнува прашањето дали на УЈП треба да и се додели имот за 18 проценти повеќе на име на ДДВ... Досега е донесено законско решение за неплаќање на данок на промет, кога се врши намирување со распределба, но нема ослободување од ДДВ.



Актуелните податоци говорат дека во само околу три проценти од стечајните постапки во Република Македонија е евидентирана продажба над проценетата вредност – во сите други случаи се продава под проценетата вредност, така што тие продажби се трошок, односно загуба и таков даночен третман треба да имаат. Потоа, има проблеми и во спроведувањето на евидентираниот дисконтот од страна на УЈП, инаку претходно прифатен од одборот на доверители. Така, најчесто, за плаќање останува првичната повисока даночна обврска.



Набележаните проблеми, како и оние што се создаваат околу повратот на ДДВ упатуваат на потребата од примена на добрите европски практики според кои даночните обврски се утврдуваат претходно за отворањето на стечајот да престанат, а за заштита на стечајната маса фирмата во стечај добиваа и нова жиро сметка од која се плаќа само предложеното и одобрено од судот и од одборот на доверители.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва"се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и е имплементиран од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.